*МИХАЈЛО МИНОСКИ*

# МАКЕДОНИЈА ВО СРПСКО-ГРЧКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА ПОДЕЛБА НА ИНТЕРЕСНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО 1861/1862 ГОДИНА

Во почетокот на 60-те години на XIX век во Македонија и во соседните земји под власта на Османската држава дошло до натамошно засилување на ослободителните стремежи[1] и развиток на ослободителни движења, што отворено се манифестирале за време на Кримската војна.[2]

Во тоа време Русија, која во поробените балкански народи гледала свој природен сојузник во војната против Османската држава, ги поттикнувала и помагала ослободителните движења и другите противосмански потфати.[3] Тоа имало непосредно влијание врз Кралството Грција и Кнежевството Србија за определување на нивната надворешнополитичка програма како основа за долгорочна надворешна политика.

---

1 Во средината на XIX век во Македонија, Тесалија и Бугарија дејствувале тајни друштва, именувани (во еден документ од тоа време) како хетерии: македонска, бугарска и тесалиска. Во врска со тоа Екмечиќ пишува: „Постоењето на 'Нова Бугарија' и посебно на 'Македонска хетерија', сведочи за тоа дека полската и српската агитација не биле осамени, туку дека имале моќен таен соперник, кој бил пореволуционерен од реформистичката и легитимистичката политика што ја водела Србија по сугестија на Полјаците и Французите" (Милорад Екмечиќ, Српско-бугарски односи половицом XIX века (1844—1853). Историјски часопис, Београд, 1980/XXVII, стр. 149—150).

2 Во тоа време во балканските земји биле испратени тајни руски агенти кои добиле задача да се запознаат со состојбите, условите и можностите за вооружена борба, со организираноста, желбите и стремежите на тие народи (Јов. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијег времена, I, 1848—1860, Београд, 1887, стр. 153; М. Екмечић, Српско-бугарски односи..., стр. 148).

И руските воени стратези сметале на содејство на востаниците од поробените христијански народи во војната против Османската држава. Востанијата „водени плански и со енергија" ќе се ширеле со напредувањето на руската армија и ќе ја зафателе целата територија на Европска Турција, прекинувајќи ги врските на дунавската (османска — М.М.) армија со плодните делови на Империјата, од каде се снабдувале, а со тоа би се олеснувало дејствувањето на руската армија (Јов. Ристић, Спољашни одношаји..., стр. 152).

3 И руските револуционери со внимание го следеле јавувањето и подемот на ослободителните движења на балканските народи. Изнесувале и конкретни програми за решение на словенското и балканското прашање. Решението го гледале врз федеративен принцип и создавање на словенска демократска федерација, сојуз на словенските балкански држави (В. М. Хевролина, Славянский вопрос и идеологии русского революционного движения в конце 60-тих — начале 70-х годов XIX в. Зб. Международние отношения на балканах, Москва, 1974, стр. 123).

Кримската војна го актуелизирала источното прашање во меѓународните односи, како прашање за опстанокот на Османската држава во Европа. На руската офанзивна политика ѝ се противставиле големите западноевропски држави Велика Британија, Франција и Австрија, за одбрана на територијалната целост на Османската држава како во Азија така и во Европа.[4] По победата на антитурската коалиција времено бил обезбеден опстанокот на оваа држава на Балканскиот Полуостров во нејзините постојни граници. Со Мировниот договор од 30 март 1856 година,[5] склучен во Париз, големите сили, вклучувајќи ја и Русија, се обврзале да ја почитуваат независноста и територијалната целост на Османската држава, како и да гарантираат строго почитување на таа обврска. Секој чин што можел да ја загрози неа се сметал за прашање од заеднички интерес.[6] Но, со тоа меѓусебната недоверба на силите не била надмината. Непосредно по потпишување на мировниот договор, на 15 април истата година, исто така во Париз, трите западни големи сили: Франција, Велика Британија и Австрија склучиле одделен договор со кој секоја од нив посебно и сите заедно на Османската држава ѝ ја гарантирале територијалната целост утврдена со мировниот договор. Секое нарушување на одредбите од тој договор се сметало за casus belli.

Прашањето за одржувањето на целоста на Османската држава станало клучно прашање во односите на големите држави за зачувување на рамнотежата на силите. Со тоа морале да сметаат и да ги сообразуваат своите надворешно-политички планови и Кралството Грција и Кнежевството Србија.

Од друга страна, Османската држава, и покрај кризата во која се наоѓала, сè уште била доволно силна, а двеве од овие држави премногу слаби, економски и војнички, за да можат да сметаат на успех и територијални придобивки со самостојна војна. Во такви околности, и српските и грчките планови биле врзувани за покренување на општо востание на поробените народи во Османската држава со едновремена нивна воена акција.

Владејачките кругови на Кралството Грција и на Кнежевството Србија, под паролата за ослободување и обединување на националните територии и за заедничка борба за ослободување од ропство на сите балкански народи, во почетокот на 60-те години на XIX век пројавиле отворени амбиции за остварување на големодржавни цели. Сопствените национални држави тие ги проектирале според примерот и во границите на некогашните средновековни царства.

Во нивните големодржавни планови, заради нејзината вонредно поволна геостратешка местоположба и природни богатства, средишно место добила Македонија. Кралството Грција сметало на Цариградската патријаршија, под чие духовно ропство се наоѓал

---

4 Ю. Ключников — А. Сабанин, Международная политика новейшего времени в договорах, нотах и декларациях, Ч. I. От Французской революции до империалистической войны, Москва, 1925, стр. 164—165, 167.

5 И. В. Козменко, Сборник договоров России с другим государствами (1856—1917), Москва, 1952.

6 Исто.

македонскиот народ. Во времето кога Османската држава имала не само номинален суверенитет, туку и реално влијание врз српската држава, а голем дел од српската национална територија се наоѓал под непосредна османска власт, Кнежевството Србија преземало акции за подготвување на терен за вклучување и на Македонија во неговите големодржавни планови.[7]

Отворени претензии биле пројавени во средината на XIX век, кога зачестиле гласовите за подготвување делба на Османската држава и за можни крупни отстапки на подунавските кнежевства Влашка и Молдавија.[8] Министерот на внатрешни работи Илија Гарашанин предлагал владата да преземе потребни мерки. Според неговата замисла, „обединувањето на сите словенски народи во една целина... бил најкусиот пат да се спречи делбата на Турција".[9] Тоа обединување требало да го изврши Србија, спогодбено со владата во Цариград. Тоа, според неговото образложување, било во интерес на Османската држава за зачувување на територијалната целост. Затоа било потребно да ѝ се сугерира нејзе „да повика една српска делегација во Цариград и со неа да се договори".[10] Со тоа се задоволувале српските амбиции и се обезбедувал мирот.[11] Во таа насока бил сондиран теренот во Париз, за да се придобие француската влада.[12] Гарашанин ценел дека меѓународните околности биле поволни за остварување на српските планови. На тоа им обрнувал внимание на кнезот и на претседателот на владата.[13]

Во тоа време српското книжевство отишло доатаму што од владата на Османската држава побарало непосредно српско присуство во западниот дел на Европска Турција, според тоа и во Македонија. Било побарано отстранување на тамошните високи чиновници поради злоупотребите и отворените самоволија, а поставување на Срби за обласни управители, „за да го заштитуваат православното население од самоволијата на локалните власти". Српското барање,

---

[7] Српски претензии во таа смисла биле искажани уште во почетокот на XIX век. Есента 1808 година востаничката делегација во Букурешт, пренесувајќи ги условите за мир на командантот на руските војски во Влашко кнезот Прозоровски, посебно нагласила дека крајната цел на борбата била „да се избори целосна независност и обновување на старата (средновековна — М. М.) српска држава, со обединување на сите српски земји" (Васа Чубриловић, Историја политичке мисли у Србији XIX века, Београд, 1948, стр. 28).

[8] Илија Гарашанин до претседателот на владата Аврам Петронијевиќ, 16.VIII 1848 год. (Преписка Илије Гарашанина, књ. I, 1839—1848. Скупио и за штампу средио Гргур Јакшић, Београд, 1950, док. 210, стр. 266).

[9] Исто.

[10] Во врска со тоа Гарашанин пишувал: „Вие (претседателот на владата — М. М.) подобро знаете дали е можно нешто подобро. Мене ми се чини дека ова не би било лошо. *Нашите духови би се смириле ако можеме да очекуваме една таква работа од Портата* (подвлекол М. М.)".

[11] Исто.

[12] Во едно писмо од тоа време од Илија Гарашанин до Алекса Ненадовиќ (помошник на министерот за внатрешни работи), во врска со тоа се вели: „Французите, гледам, се сложуваат. Дали заради некои од моите предлози или и тие имаат таква политика, не знам" (Преписка Илије Гарашанина..., док. 213/22.VIII 1848).

[13] Исто. Во своето писмо Гарашанин пишувал: „Моментот е таков што владата треба да дејствува поактивно".

што било поддржано од полската политичка емиграција[14] и со знаење на Франција, владата на Османската држава го отфрлила.

Тој чекор на Кнежевството Србија бил преземен во согласност со прокламираната државна политика од кнезот Милош Обреновиќ за постепено но перманентно ширење на Србија со вршење притисок и изнудување отстапки од Османската држава, до целосно обединување и независност. Таа и така формулирана надворешнополитичка програма на српската конзервативна буржоазија, како основа на државната политика, се сметала за единствено реална и остварлива,[15] со оглед на реалните можности на Кнежевството во постојните околности на Балканскиот Полуостров.

На конципирањето на српската надворешнополитичка програма забележливо влијание имала полската политичка емиграција. Адам Чарториски[16] ѝ обрнувал внимание на владата во Белград дека српското книжевство се наоѓа пред алтернативата: да дејствува кон засилување и територијално ширење или да пропадне. Со оглед на напреднатиот процес на слабеењето и неизбежноста на пропаѓањето на Османската држава Кнежевството ја користи таа и таква положба „постепено да се шири на нејзина сметка не влегувајќи во отворен судир, туку останувајќи и понатаму 'под сенката на Портата'. На вазална Србија ѝ била потребна заштита од Портата против овие сили (Австрија и Русија — М.М.) што можеле да ја загрозат нејзината независност".[17] Тоа неминовно водело кон трансформирање на Османската држава на Балканскиот Полустров во „нова независна христијанска држава, што ќе ја пополнела празнината по пропаѓањето на Империјата".[18] Уште повеќе што на тоа „не би се противеле" западноевропските големи сили Франција и Англија, за кои било неприфатливо Русија или Австрија да ја заменат Османската др-

14 Полската политичка емиграција, која сметала дека кризата во врска со источното прашање ќе го забрза воениот конфликт на западноевропските големи држави и Османската држава со Русија, како непосреден интерес и за полската национална кауза, работеле на спречување на рускиот големодржавен панславизам и експанзија на Балканскиот Полуостров. Затоа преземала и конкретни чекори да влијае врз владата во Цариград да направи отстапки на српските барања, но безуспешно. За политичката активност и акции во Османската држава види: A. Lewak, Dzieje emigracji polskiej w Turciji (1831—1878), Warszava, 1935; Marian Zgorniak, L' Emigration politique arpès 1864 et les problèmes des Balkans. Зб. Македонија во источната криза, 1875—1881, Скопје, 1978, стр. 507—516.

15 В. Чубриловић, Историја политичке мисли..., стр. 133.

16 Во своите „Совети"за српската влада за надворешната политика. Ракописот во превод на српски јазик Илија Гарашанин му го дал на кнезот Александар Караѓорѓевиќ во 1845 година (В. Чубриловић, Историја политичке мисли..., стр. 164).

17 Исто. Спротивно на Чарториски, левата револуционерна струја на полската политичка емиграција препорачувала Кнежевството своите големодржавни цели да ги оствари само со воена акција. Полскиот ополномоштен претставник во Белград (од есента 1843 год.), на барање од Гарашанин, изработил „План" за српската државна политика. Со планот се предлагала офанзивна политика, ослободување и обединување на јужнословенските народи и создавање голема словенска држава на Балканскиот Полуостров, според примерот на српската средновековна држава, што би ја наследила Османската држава. Врз основа на „Планот" на Зах, Гарашанин го напишал познатото негово „Начертание".

жава на Балканскиот Полуостров.[18] Тоа во целост соодветствувало на погледите и целите на српските владејачки конзервативни кругови. Со тоа Кнежеството Србија, според усвоената големосрпска теза, не барало ништо повеќе, туку „само“ обновување на некогашната голема српска држава.

За основа на неговата надворешна големодржавна политика бил прифатен принципот на легитимитет (во тоа време доминантен во меѓународните односи) со повикување на наводното „историско право“ и на државната традиција од српската средновековна држава, со цел да се обезбеди легитимитет на српските претензии во XIX век надвор од српските етнички територии.

Постапното „легитимистичко“ ширење на српското книжевство — со откинување и присвојување „камен по камен од Османската државна зграда и со добиениот материјал, врз старите добри темели на српското царство, да се изгради нова српска држава“.[19]

Следејќи ја таа и така дефинирана политика Кнежевството Србија[20] не гледало интерес и потреба да земе учество во Кримската војна.[21]

Заради внатрешната положба во Османската држава, по продлабочувањето на внатрешната криза, владејачките кругови на Кнежевството Србија и на Кралството Грција гледале како на реална можност со вршење притисок да изнудат нови, сѐ поголеми отстапки од Османската држава. При тоа се сметало дека вазалниот статус на Кнежевството Србија не само да не претставува хендикеп туку предност. Се тргнувало од поставката дека, во такви услови, со територијалното ширење на српското кнежевство не се нарушува суверенитетот на Османската држава.

---

[18] Тоа не останало незабележано од руската дипломатија. Рускиот конзул генерал Левчин интервенирал кај Гарашанин поради неговите врски со претставниците на полската емиграција. Во одговор Гарашанин, не негирајќи го тоа, нагласил дека води сметка исклучиво за српските интереси и дека Кнежевството ќе ја следело таа политика „независно колку ќе чини” (Гарашанин до Ненадовиќ, 27.XII 1849/Преписка Илије Гарашанина..., док. 356, стр. 450).

[19] В. Чубриловић, Историја политичке мисли..., стр. 174.

[20] Екмечиќ ја нарекува и реформистичка. При тоа пишува: „Рефомистичката и легитимистичка политика Србија ја водела по сугестија од Пољаците и Французите” (Милорад Екмечић, Српско-бугарски односи..., стр. 149—150).

[21] Српските владејачки кругови во тоа време не биле неактивни. Претставникот во Виена Алекса Јанковиќ, изразувајќи ги гледиштата на приврзаниците на активната големодржавна политика, на личниот пратеник на рускиот цар Никола, Орлов, ги изнесол српските барања за учество во војната против Османската држава: 1. Тврдините во градовите или да му се предадат на Кнежевството или да бидат урнати! 2. Кнежевството Србија да се прошири колку што може повеќе, со присоединување на Босна, Херцеговина и Стара Србија; 3. Србија да се прогласи за независно кралство ако нејзиното територијално зголемување биде доволно за независна држава (Писмо на Алекса Јовановиќ од 1 февруари 1854 год.; Јован Ристић, Спољашни одношаји Србије новијег времена, I, 1848—1860, Београд, 1887, стр. 167). Српските барања не се вклопувале во руската балканска политика, која во тоа време била ориентирана кон создавање мали државички под нејзино покровителство.

Во Кнежевството превагнала умерената струја. За спогодбено регулирање на српските барања со владата во Цариград се застапувал и застапникот во Цариград Коста Николајевиќ (J. Ристић, Спољашни одношаји Србије..., I, стр. 171).

Како приоритетна задача во политиката на Кнежевството Србија во почетокот на 60-те години било утврдено спогодбено решавање на спорните прашања во односите со Османската држава: иселување на муслиманите и на воените посади од градовите, како и признавање на наследноста на кнежевското достоинство за елиминирање на можностите за мешање на владата на Османската држава во внатрешните работи, како услов за активна надворешна политика.

Во сообразност со усвоената „легитимистичка“ политика било оценето дека Кнежевството не може да смета на ширење надвор од српските етничка територија, во соседните земји, ако таму не се обезбеди српско влијание, односно ако не се придобијат приврзаници, од редот на угледните личности, за српската државна идеја. Решението било најдено во ширењето на српска пропаганда „за нивно присоединување кон Србија и целосно спојување“[22] во српската држава. Со таква цел била организирана тајна пропагандна дејност,[23] со која, од самиот почеток, била опфатена и Македонија.[24]

Српската легитимистичка големодржавна идеја се судрила со грчката легитимистичка големодржавна идеја, која била прифатена за основа на надворешната политика на Кралството Грција во средината на 40-те години, со доаѓањето на власт на владата на Јоанос Колетис, отворен приврзаник на „големата идеја“.[25]

Грчката екстремна интелигенција ја поддржувала и ја подгревала идејата дека по распаѓањето на Османската империја Грција, „со општа согласност на големите сили, ќе го добие нејзиното наследство“.[26] Границата на идната голема држава на север требало да врви по планините Шара и Балкан. На почетокот од 60-те години грчките експанзионистички стремежи се засилиле. Се кроеле планови за присоединување кон грчкото кралство и на најголемиот дел од териториите што се наоѓале под јурисдикција на Цариградската патријаршија: цела Македонија, територијата на Бугарија јужно од планината Балкан и цела Тракија.

Според грчката „голема идеја“, Османската империја, по нејзиното пропаѓање, можело да ја наследи — во Цариград, голем дел

---

22 Српската државна политика во таа насока била насочена уште со „Начертанието” на Гарашанин во 1844 година: обединување на Црна Гора и присоединување на Босна, Херцеговина, Стара Србија и Северна Албанија. Српските претензии се протегале и врз Македонија, иако таа посебно не била именувана.

23 Тоа, во оваа прилика, не е предмет на разгледување. Види: Преписка Илије Гарашанина, стр. 124, 239 и 257; Климент Џамбазовски, Одборот за Стара Србија и македонското прашање во Источната криза 1877—1881. Зб. Македонија во Источната криза..., стр. 333; Никола Сотировски, Неколку документи на Стефан Верковиќ за Разловечкото востание. Зб. Македонија во Источната криза..., стр. 263—264; Андреја Раденић, Планови за национално ослобођење и уједињење југословенских земаља 60-их и 70-их година XIX века. Историјски часопис, Београд, 1971/X=XVIII, стр. 340—345; Д-р Драган Страњаковић, Србија привлачно средиште Југословена (1844—1848), Београд, 1940, стр. 6—7.

24 Со тајна политичка задача во Македонија бил испратен Стефан Верковиќ (Преписка Илије Гарашанина, I, док. 202, стр. 257; М. Екмечић, Српско-бугарски односи..., стр. 155).

25 Mihailo Lascaris, Knez Mihailo u Atini 1845, Zagreb, 1929, str. 211.

26 Гргур Јакшић — Војислав Вучковић, Спољна политика Србије за владе кнеза Михаила. Први балкански савез. Београд, 1963, стр. 72.

од Балканскиот Полуостров и Архипелагот — единствено Кралството Грција, како легитимен наследник и продолжувач на државната традиција и на улогата на Византијската империја во меѓународните односи. Големата грчка држава ќе обезбедела рамнотежа на силите во односите на големите држави и ќе претставувала сигурна брана на руската експанзија на Балканскиот Полуостров, во подрачјето на морските премини и кон Средоземното Море.[27]

И грчките владејачки кругови верувале дека на тоа немало да се противстават западните големи сили Англија и Франција и дека во нивни интерес било да се спречи руската и австриската експанзија во тоа подрачје.[28]

Во тоа време[29] дошло до повторно актуализирање на италијанското прашање, при што активно се ангажирала и Франција. Владејачките кругови на Кралството Грција и на Кнежевството Србија внимателно го следеле развитокот на настаните во очекување да биде отворено и источното прашање. Во прилог на тоа била влошената внатрешна положба во Османската држава. Се очекувало зголемено манифестирање на незадоволството на поробените народи, а не се исклучувале ни вооружени востанија.[30] Меѓу Русија и Франција се одвивале интензивни дипломатски контакти за усогласување на нивната политика во врска со актуелните прашања, посебно во врска со источното прашање. Било договорено дека двете сили ќе го поддржуваат зачувувањето на територијалната целост на Османската држава во постојните граници. Меѓутоа, ако се покажело дека тоа не било можно, тогаш, ќе работеле на тоа на Балканскиот Полуостров да се формираат независни држави со природни граници, обе-

---

27 Според една изјава на царот Никола од 1854 година, руската политика имала за цел истиснување на Османската држава од Европа и нејзино територијално смалување. Цариград, според неговата изјава, „не смеел да им припадне на Англичаните или на Французите или на кој и да е друг голем народ“. Кон тоа уште додал: „Јас никогаш не би допуштил да се направи обид за обновување на Византиското царство или Грција да добие такво зголемување со што би израснала во силна држава, а уште помалку би допуштил Турција да се распарчи на мали републики, засолништа за Кошут, Мацини и други европски револуционери. Јас повеќе би сакал да започнам војна отколку да прифатам таква спогодба* (Ј. Ристић, Спољашњи одношаји Србије, I, 1848—1860, стр. 168). Русија влезе, во таканаречената Кримска војна.

28 Нивната дотогашна политика на противставување на Русија го зацврстувала тоа уверување. Верувале дека ќе дејствуваат секогаш во интерес на Грција а против Словените (М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња балканских народа, Београд, 1895, стр. 39).

29 Во 1859 година.

30 На подготвување вооружено востание во Македонија работел Димитар Цами Караташо, водач на ослободително востание во приморскиот дел на Македонија во 1854 година. Тој во 1859 година престојувал во Италија, а во 1860 година негов соработник престојувал илегално во Македонија. Во Солун се сретнал со руския конзул Ангело Мустоксиди, од кого барал руска помош за реализирање на планот на Караташо во вооружено ослободително востание на христијаните со центар во Солун. Архив Вешнеи политики России (АВПР) ф.: Главний архив У/А/1860, док. 391, лл 7—8, № 133/29.XII.1860, извештај на Мустоксиди. Документот го објави Константин Папулидис (Constantinos Papoulidis, Quelques élèments nouveaux concernant les plans insurectionels de Tzami Caratasso sur la délivrance des peuples balkaniques en 1860. Greek-serbian cooperation 1830—1908, Belgrade, 1982, p. 107—110; Ристо Поплазаров, Востанието на Караташо од 1854 година. Историја, Скопје, 1976/ XII, бр. 1—2, стр. 106—114.

динети врз федеративен принцип, со заедничка престолнина во Цариград.[31] Тоа било планирано да се внесе во подготвуваниот француско-руски одбранбен договор.[32] Во почетокот на 1860 година руската дипломатија побарала одржување на конгрес на големите сили[33] за положбата на поробените христијански народи во Османската држава, со цел владата во Цариград да се присили за спроведување на реформи.[34] Руското барање не го прифатиле другите големи сили.

Кралството Грција и Кнежевството Србија биле загрижени поради активноста на големите сили во врска со источното прашање, посебно во врска со судбината на европските територии на Османската држава. Во врска со тоа српскиот кнез Михаило Обреновиќ во текот на разговорите со Лајош Кошут за можностите за српско-унгарска соработка[35] изјавил дека во случај на распаѓање на европскиот дел на Османската држава, во кој живееле Словени, на повеќе мали државички, тие, без секакво момнение, ќе потпаднеле под руско влијание. А тоа било противно на српските интереси. Српското кнежевство не сакало да биде опколено со државички под руско влијание.[36] Тоа можело да се одбегне само ако балканските Словени под власта на Османската држава и тие под власта на Австрија се обединеле во единствена држава, а Кнежевството Србија било повикано да го изврши обединувањето.[37]

Повторното активирање на руската дипломатија во источното прашање и засилувањето на влијанието на Русија уште повеќе ги загрижувало грчките владејачки кругови. Се плашеле дека Русија, согласно со својата панславистичка политика, ќе ги поддржува Словените на штета на грчките интереси. Тие сметале дека тоа не е ни во интерес на големите западноевропски држави и дека Грција може да смета на нивна подршка и помош. Надежи биле полагани во италијанската и француската влада.

Во април 1860 година грчката влада презела постапка во Париз за да ја придобие владата на Франција за грчките експанзионистички планови. Како непосреден повод за тоа била искористена изјавата на рускиот велики кнез Константин Николаевич за источното прашање, дадена за време на неговата посета во Атина. Тогаш, меѓу другото, рекол дека Словените и Грците биле повикани да ги протераат Османлиите и да го поделат европскиот дел на Османската држава: „Грција да ги анектира грчките области, а Словените од преостанатиот дел ќе формираат конфедерција".[38] Тоа било оценето како руски план за создавање голема словенска др-

[31] Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика Србије..., стр. 47.

[32] Исто.

[33] Исто, 22; Татищев, Императоръ Александръ II, его жизнь и царствование, I, С. Петербургъ, 1911, стр. 232.

[34] Целта на руската дипломатија е по поразот во Кримската војна да си ги поврати позициите во источното прашање.

[35] Лајош Кошут предлагал создавање на Дунавска конфедерација од Унгарија, Влашка и Молдавија и Србија (М. С. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња балканских народа, Београд, 1895, стр. 21).

[36] М. Пироћанац, Кнез Михаило..., стр. 21.

[37] Исто. Кнежевството Србија, според изјавата на кнезот Михаило, „било повикано да биде обединувачко јадро".

[38] Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика Србије..., стр. 73.

жава на Балканскиот Полуостров под руски протекторат и дека заради нејзиното реализирање Русите работаат на подготвување вооружени ослободителни движења. Тоа, пак, најдиректно ги загрозувало грчките големодржавни планови. Можело да се осуети само со воена интервенција во Македонија. Грчката влада за планираната оружена интервенција, на самиот почеток на очекуваните немири во Македонија и другите словенски провинции на Османската држава, побарала согласност од француската влада.[39] Во одговор на грчкото барање од 19 април 1860 година од Париз било добиено предупредување Грција да се воздржи од оружена интервенција.[40] Ни по тоа владата во Атина не се откажала од планираната акција. Во средината на 1860 година бил преземен нов таков чекор кај владата на Франција. Грчкиот министер за надворешни работи Кондуриотис го задолжил пратеникот во Париз да ја запознае тамошната влада дека се очекувало востание во словенските провинции и навлегување на Словените во грчките покраини на Османската држава".[41]

Развитокот на меѓународната ситуација не навестувал блиско судрување на големите сили,[42] на што сметале владејачките кругови на Кралството Грција и на Кнежевството Србија. Не им преостанувало друго туку внимателно да ја следат политиката на големите сили во источното прашање и самите да се подготвуваат за остварување на своите експанзионистички планови. Со нивните тогашни сосема ограничени економски можности и војнички сили не можеле да сметаат на успех во евентуална војна со Османската држава. Затоа остварувањето на своите планови го врзувале за организираната ослободителна борба на поробените народи во Османската држава. На тој план директно се судрувале нивните интереси, па се наметнувала потребата за меѓусебно спогодување и разграничување на интересните подрачја.

Во средината на 1860 година е предложено започнување преговори за создавање грчко-српски сојуз против Османската држава. Со таква цел во Белград отпатувал грчкиот владин претставник Палеолог.[43] Кнежевството Србија го одбило грчкиот предлог.[44] Кнезот Милош Обреновиќ останал доследен на својата политика за остварување на српските интереси по пат на изнудување отстапки од владата на Османската држава со притисоци, без да се впушти во воена акција, со сите неизвесности што можела да ги донесе. Обединувањето на Влашка и Молдавија претходната година, кога било создадено кнежевство Романија,[45] само го зацврстило во уверувањето во исправноста и плодоносноста на таа и таква политика.

---

39 Исто.

40 Исто.

41 Исто.

42 Исто, стр. 45.

43 S. Th. Lascaris, La première alliance entre la Grèce et la Servie. La traite d'Alliance de Voeslau du 14 — 26 Août 1867. Monde Slave, № 9, Paris, 1926, p. 5.

44 Исто; P. Milosavljević, The Serbian-Greek Convention of 1861, p. 84.

45 На чело со избраниот кнез Куза, под суверенитет на султанот.

По смртта на кнезот Милош Обреновиќ кон крајот на септември 1860 година и доаѓањето на кнезот Михаило Обреновиќ[46] на кнежевскиот престол грчката страна оценила дека настапил поволен момент за обновување на предлогот за грчко-српски сојуз. Кралот Отон го определил Марко Рениерис, како доверлива личност,[47] за пратеник во Цариград, со задача својот престој да го искористи[48] за преговори со српскиот застапник.[49] Во Кнежевството Србија Илија Гарашанин иницирал преговори за српско-грчки сојуз. Во почетокот на март 1861 година на кнезот Михаило му предал меморандум[50] во кој го изложил својот план за офанзивен српско-грчки сојуз. Предлагал во Атина да се испрати доверливо лице што ќе ја проучи внатрешната ситуација во Грција, нејзината меѓународна положба, посебно односите со Османската држава, како и ставот кон Србија.[51] Тоа лице било должно да стапи во врска со водачите на политичките партии и други лица, во владата и надвор од неа, со влијание во народот за да се запознае со нивната ориентација, посебно по прашањето за евентуална акција против Османската држава. При тоа требало да го пренесе ставот на Кнежевството Србија и неговата определба за пријателски односи со Грција[52] и за српско-грчки сојуз.[53] Целта на сојузот била двете држави здружено да работат и да бидат признаени нивните претензии за умесни и праведни[54] и депишувал дека Србија и Грција, кои како држави „среќно започнале, морале да се прошират . . . , со здружени сили да работат политички да бидат признати нивните претензии за умесни и праведни[54] и де-

46 Кнезот Михаило престојувал во Атина во март 1845 година и водел разговори со претседателот на владата и министер за надворешни работи Јоанис Колетис. Атинскиот печат „пишувал со симпатии за неговата посета" (Mihailo Lascaris, Knez Mihailo u Atini 1845 godine, Zagreb, 1929, str. 211—213).

47 Личност што ги делела погледите на кралот Отон (S. Laskaris, La première alliance . . . , p. 5).

48 Во тоа време Кралството Грција и Кнежевството Србија немале редовни дипломатски односи.

49 S. Th. Lascaris, La première alliance . . . , p. 5.

50 Архив Србије, фонд: Илије Гарашанина (АС ф.: И. Г.), Договор са Грцима, ракопис, според P. Milosavljević, The Serbian-Greek Convention of 1861, p. 85.

51 Ibidem.

52 Првите обиди за грчко-српска соработка биле направени во 20-тите години. Во пролетта 1817 година Главниот одбор на политичкото револуционерно друштво „Хетерија" стапил во врска со Караѓорѓе за организирање заедничка акција за кревање востание на поробените христијански народи во Османската империја. Тогаш бил подготвен и конкретен план, но по убиството на Караѓорѓе планот пропаднал. Во 1820 и 1821 година ова друштво, предводено од Ипсиланти, се обидело за својот план да го придобие кнезот Милош Обреновиќ. Бил подготвен договор за грчко-српски сојуз од 10 члена. При обидот да се внесе во Србија, договорот и другите документи биле запленети. Потоа и тој обид пропаднал. Во 1829 година на Грција ѝ била призната независност, по што била напуштена за подолго време мислата за грчко-српски сојуз против Османската држава (J. A. Кумануди, Србија и Грчка у XIX веку. Св. I. Односи Карађорђеви и Милошеви са Грцима 1804—1821. Превод грчких докумената из Филимонове историје грчког устанка. Београд, 1907, стр. 21—22; 32—33; 37; Гргур Јакшић, Први српско-грчки савез (1867—1868). Архив за правне и друштвене науке, Београд, 1924/XIII, књ. VIII (XXV), бр. 5—6, стр. 339—341).

53 АС ф.: ИГ, 1174/Илија Гарашанин до кнез Михаило, Белград, крај на 1860, предадено во 1861/; Србија и ослободилачки покрети на Балкану 1856—1878, књ. I, 1856—1866, Београд, 1983, док. 157а, стр. 179—182.

54 Исто.

ка тие се засновувале на „свето историско право“.[55] Според тоа, заеднички интереси ги упатувале двете страни здружено да се противстават „на плановите за поделба на Османската држава од страна на големите сили, со крајна цел: нејзино распаѓање а не делење и никако зачувување“.[56] Кнежевството Србија било заинтересирано за спогодување и сојузништво со Кралството Грција за осигурување на своите приоритетни цели: отстранување на воените единици на Османската држава од српските градови и иселување на муслиманите, поради што не се исклучувало да дојде до оружено судрување и војна ако владата во Цариград не попушти и не ги задоволи српските барања. За регулирање на спорните прашања со преговори Кнежевството Србија побарало поддршка на Франција. Кон крајот на февруари 1861 година на францускиот министер за надворешни работи му бил предаден меморандум.[57] При тоа од српската страна се изразувало желба Кнежевството да се стави под заштита на Франција.[58] Француската влада го одбила последното барање.

Во почетокот на април владата на Османската држава прифатила преговори за спорните прашања. За водење на преговорите српската влада го ополномоштила Илија Гарашанин. Гарашанин пристигнал во Цариград на 13 април[59] со задача, во директни преговори, „да се отстранат сите пречки на спогодувањето“.[60] Тоа, според неговата изјава, „било од голем интерес за двете страни“ и, во таа смисла, неговата мисија била „чиста и јасна“.[61]

Меѓутоа, владата во Цариград се покажала непопустлива. По неуспехот на преговорите со владата на Османската држава, во Цариград започнале тајни грчко-српски преговори, на иницијатива на грчкиот претставник Марко Рениерис,[62] кој со таква задача пристигнал кусо време пред тоа.[63]

Рениерис бил задолжен од владата и кралот Отон да стапи во врска со застапникот на Кнежевството Србија во Цариград Милан Петронијевиќ и да го пренесе грчкиот предлог за воведување грчко-српски преговори за сојуз.

Првата средба меѓу Рениерис и Гарашанин, кој од српската влада и кнезот Михаило бил ополномоштен за водење на преговорите,[64] се одржала на 19 април.[65] Рениерис ја пренел желбата и готовноста на својата влада со владата на Кнежевството да склучи конвенција за решение на источното прашање сообразно со интере-

---

55 Исто.

56 Исто.

57 Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика Србије..., с. 58.

58 Исто.

59 Исто, стр. 74.

60 Според едно писмо на Гарашанин од Цариград од 1861 год. (Србија и ослободилачки покрети..., док. 200, стр. 236).

61 Исто.

62 АС ф.: ИГ, Илија Гарашанин до Филип Христиќ, Цариград, 1 мај 1861.

63 S. Th. Lascaris, La première alliance..., p. 6.

64 Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ, врз основа на искажувањето на Атанасије Николиќ (близок соработник на Гарашанин) пишуваат дека главна цел на мисијата на Гарашанин била преговорите со грчкиот пратеник (Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика Србије..., стр. 72), што не може да се прифати како доволно аргументирано.

65 S. Th. Lascaris, La première alliance..., p. 6.

сите и стремежите на двете страни. Српскиот претставник се искажал дека неговата влада во принцип била согласна со грчкиот предлог за спогодување,[66] на што грчкиот претставник му предал подготвен текст на грчко-српска конвенција.[67] Текстот на нацртот на конвенцијата Гарашанин го доставил во Белград,[68] од каде очекувал инструкции. На крајот од мај претседателот на владата и министер за надворешни работи Филип Христиќ го известил Илија Гарашанин дека владата ја прифаќа предложената конвенција, како основа за спогодување, и го задолжила да ги продолжи преговорите[69] со грчкиот претставник „во најголема тајност".[70]

Со конвенцијата двете страни се обврзувале, за остварување на заедничката цел, да преземат ефикасни мерки за вооружување и подготвување на своите регуларни војски за воени дејства. Владата на кралството Грција се обврзувала да вооружи редовна војска од 30.000 луѓе и колку што може поголема флота, како и да обезбеди оружје за вооружување на „народот на Тесалија, Епир, Македонија и Тракија, во кои ќе пламнело револуционерно движење".[71] Владата на Кнежевството Србија се обврзувала да покрене своја редовна војска од 12.000 војници, да организира народна војска на најширока основа, да го обезбеди потребното оружје и да ги снабдува со сите потреби провинциите: Босна, Херцеговина и Бугарија, „во кои можеле да се кренат револуционерни движења."[72] Договорените страни се обврзувале да не преземаат никакво движење пред да бидат завршени сите подготовки, туку само „по заемна согласност".[73] Конвенцијата, со оглед на нејзиниот карактер, „останувала тајна за сите други држави".[74] Составен дел на Конвенцијата претставувал проектираниот четворен договор за сојуз,[75] што, покрај двете договорени страни, требало да го потпишат и кнежевствата Црна Гора и Романија.[76] Со конвенцијатта било предвидено текстот на договорот да им се достави на прифаќање и потпишување на владите на двете кнежевства и да им се достави непосредно по ратификацијата на истата.[77] Во случај владите на овие кнежевства да не прифателе да го потпишат договорот, во конвенцијата се предвидувало самите да го потпишат и да се ангажираат „една од големите сили да го признае принципот на неинтервенирање на Исток"[78] и во таа насока да влијае и врз другите големи сили. Владата на Србија се плашела

---

66 Ibidem.

67 Нацртот на српско-грчката конвенција од 1861 год., види: Србија и ослободилачки покрети на Балкану..., док. 167а, стр. 192—195. Конвенцијата во коресподенцијата шифрирано била именувана како „Хартии".

68 АС, ф.: ИГ, Илија Гарашанин до Филип Христиќ, Цариград, 1 мај 1861; P. Milosavljević, The Serbian-Greek Convention; p. 86.

69 Исто, Филип Христиќ до Илија Гарашанин, Белград, 19/31 мај 1861.

70 S. Th. Lascaris, La première alliance..., p. 7.

71 Чл. 4 од нацртот на Конвенцијата.

72 Исто, чл. 5.

73 Исто, чл. 7.

74 Исто, чл. 8.

75 Во коресподенцијата добил шифрирана ознака „Протокол".

76 Според тоа, бле понудени два документи: Српско-грчка тајна конвенција и Договор за сојуз на четирите балкански држави.

77 Чл. 1 од Конвенцијата.

78 Исто, чл. 2.

пред сè, од австриска интервенција, со што се доведувало во прашање остварувањето не само на планираните сојузнички цели, туку и самиот опстанок на Кнежевството. Затоа придобивањето на една од големите сили добило првостепено значење.[79] Иако тоа во конвенцијата не е речено, двете страни сметале на Франција, од која очекувале поддршка и заштита. Од таа голема сила, откако ќе го признаела принципот на неинтервенција на Исток, се очекувало да се обврзе тој принцип да биде респектиран и од другите сили.[80]

По обезбедувањето неинтервенција на големите сили Кралството Грција и Кнежевството Србија се обврзувале да започнат војна против Османската држава во името на „своите свети права" и да ја продолжат борбата не оставајќи го оружјето до целосно остварување на договорените цели. Договорените страни си гарантирале заемна помош и поддршка, „како за време на војната, така и при утврдувањето на „мирот", за обезбедување на респективните граници на своите држави.[81]

За Гарашанин биле неприфатливи грчките мегаломански барања. Владата на Кралството Грција предложила дополнување на членот III од Конвенцијата. Со предложениот текст се предвидувало: во случај на успешно завршување на војната договорените страни си обезбедувале и заемно си гарантирале големи територијални проширувања, а Кнежевството Србија се прогласувало за кралство.[82] Кралството Грција во принцип ќе ги анектирало Тесалија, Епир, *Македонија* (подвлекол — М.М.), Тракија и островите на Архипелагот.[83] Кралството Србија ќе ги присоединело: Босна, Херцеговина, Горна Албанија и Црна Гора, доколку последната не инсистирала на зачувување на својата посебност и самостојност.[84]

Според тоа, Грција и во последниот случај излегла со максимални територијални барања. За идната голема грчка држава на Балканскиот Полуостров се барале „природни граници". Според нацртот на Конвенцијата и нејзиното дополнување, северната граница требало да врви по планините Шара и Балкан.[85] Териториите северно од Шар Планина требало да ги добие Србија.

Гарашанин констатирал дека владата на Кралството Грција со тоа се стремела да обезбеди целосна доминација на грчката држава, која во своите граници би вклучила „2—3 милиони Словени, што би биле подложени на грцизација. Србија добивала „малку морски брег".[86] Српските претензии по однос на Бугарија не се протегале толку далеку, најмногу територијата до реката Искар.[87] Но, затоа бил

---

79 На тоа прашање му се посветени два члена од вкупно осумте члена на тајната конвенција (чл. 2 и 3).

80 Чл. 3 од Конвенцијата.

81 Исто, чл. 6.

82 Дополнување на чл. III од Конвенцијата (Србија и ослободилачки покрети . . ., док. 167а, стр. 194).

83 Исто. За Бугарија било договорено таа да се конституира во одделна држава — бугарско кралство, со тоа што се оставало границите да му се определат дополнително. Се предвидувало и Кралство Дакија од Влашка и Молдавија.

84 Исто. Грција останувала при максималните територијални барања.

85 Србија и ослободилачки покрети . . ., стр. 194.

86 Исто.

87 Исто.

зголемен интересот за Македонија. Гарашанин го предупредел Рениерис дека за Кнежевството Србија било неприфатливо Македонија како словенска земја да ја добие Грција. Истото се однесувало и за Тракија, која, „во најголем дел не била грчка“.[88]

На грчкото барање за стратегиски граници како основа за разграничување на интересните подрачја Гарашанин сметал да парира со предлог за ограничување на српско-грчкото спогодување на заемно гарантирање на присоединувањето на сопствените национални териории. Кралството Грција да ги анектира Тесалија и Епир, а Кнежевството Србија српската територија северно од Шар Планина, со што исто така се обезбедувале природни граници.[89] Тоа го предлагал како најповолно решение, што целосно ги задоволувало тогашните претензии на Кнежевството Србија во тоа подрачје, а оставало можност и слобода на акцијата за пропагандно дејствување и за територијална експанзија во Македонија.[90] Од тие причини Гарашанин, во почетокот, бил против однапред да се определуваат границите на дејствувањето во Македонија, респективно и во Бугарија. Не ја исклучувал можноста тоа да предизвика несогласувања што можеле да ја доведат во прашање целата акција. Заради тоа било поцелисходно да се остави разграничувањето да се изврши „по протерувањето на Турците од Балканскиот Полуостров“.[91]

За Илија Гарашанин поделбата на Македонија не соодветствувала на далекусежните српски големодржавни цели. Со тоа Србија трајно си го затворала патот за излез на Егејското Море. За обезбедување позиции за воспоставување српско влијание, во мај 1861 година на својата влада ѝ сугерирал со поткуп да се придобијат највлијателните лица во Македонија и Бугарија.[92]

На грчкото инсистирање за разграничување на интересните подрачја од српска страна биле направени отстапки. Во текот на преговорите било прифатено „само регулирање на границите, ништо повеќе“.[93]

Разграничувањето на интересните подрачја, во кои требало да дејствуваат и српските агенти за кревање вооружени востанија, согласно со усвоениот воено-стратешки план за едновремена општа воена акција против Османската држава за остварување на експанзионистичките големодржавни цели, било договорено да се изврши по линијата што тргнувала од морскиот брег јужно од Драч, Елбасан, Охрид, Прилеп, Велес, Штип, Кратово, Џумаја во планината Балкан (и натаму до Црно Море). Споменатите градови со околината и целата територија на север биле утврдени како подрачје на акција на српските агенти. Градовите Берат, Горица, Битола, Демир Капија, Радовиш, Разлог до планината Балкан (и натаму до Црно

---

88 Г. Јакшић, Први српско-грчки савез..., стр. 343.

89 „Чисто српските земји односно грчките провинции“ (Србија и ослободилачки покрети..., стр. 194).

90 Со време Србија „можела да ја напушти Грција и да ги следи своите сопствени интереси, па и да не допушти, на пример, да се погрчат ни Битола, Воден, Струмица, Дојран итн.“ (Србија и ослободилачки покрети..., стр. 194).

91 Србија и ослободилачки покрети..., док. 168, стр. 197—198, Илија Гарашанин до Филип Христиќ, Цариград, април 1861.

92 Исто, док. 171, стр. 201.

93 Г. Јакшић, Први српско-грчки савез..., стр. 343.

Море) и сета територија јужно од таа линија претставувале подрачје на дејствување на грчките агенти.[94] Тоа било договорено и во принцип прифатено од Гарашанин и Рениерис во јуни 1861 година, во Цариград, но не било внесено во текстот на Конвенцијата ниту во дополнувањето на чл. Ш. Се чекало одговор од Белград[95] и Атина за да се пристапи кон дефинитивна редакција на одделните членови на Конвенцијата.[96]

Владата на Кнежевството Србија одолжувало со својот одговор. Претседателот на владата и министер за надворешни работи Филип Христиќ побарал дополнителни информации од Илија Гарашанин за вистинските намери и цели на владата на Кралството Грција. За усвојување на дефинитивен став било одлучено во расправата на седницата на владата да учествува и Гарашанин, кој за тоа бил повикан во Белград.[97] До заминувањето за Белград Илија Гарашанин бил задолжен во преговорите да го вклучи застапникот во Цариград Милан Петронијевиќ за да може да ги продолжи преговорите со Рениерис.[98]

И грчката влада реагирала внимателно. Кон крајот на јули Гарашанин ја известил својата влада дека грчкиот преставник барал пролонгирање, за Грција да добиела во време.[99] Тоа ѝ одговарало на српската влада. Во Белград прашањето за грчко-српската конвенција не било предмет на разгледување до крајот на септември. Во почетокот на октомври, по пристигнувањето на Илија Гарашанин во Белград, владата одново го зела во разгледување текстот на грчко-српската конвенција. По сестраната анализа на различните аспекти на односите со Грција, на постојните српски интереси и на подолгорочните цели и обврските што произлегувале од потпишувањето на конвенцијата, било решено истата да не се потпишува. Но, за да се зачуваат постојните односи и можност за натамошно спогодување, било заклучено грчката влада да се извести дека се предлага одлагање на потпишувањето на конвенцијата на неопределено време. Тоа српската влада го оправдувала со економската ситуација во земјата и со тоа дека Кнежевството не било во состојба да обезбеди средства за вооружување и опремување на војската за да може да одговори на обврските што произлегувале од потпишувањето на Конвенцијата. Затоа пак изразувала готовност необврзано двете страни да продолжат со своите подготовки како грчко-српската конвенција да била потпишана.[100]

---

[94] Дополнување на чл. III од тајната конвенција (Србија и ослободилачки покрети..., стр. 194); АС, ф.: ИГ, концепт, 16.III 1861; Г. Јакшић, Први српско-грчки савез..., стр. 343.

[95] Во Белград преговорите биле чувани во најголема тајност. Покрај кнезот и претседателот на владата Христиќ за тоа знаел само уште Милоје Лешјанин, началник на Министерството за надворешни работи.

[96] Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика Србије..., стр. 75.

[97] АС ф.: ИГ, 1203/9 (21) јула 1861, Филип Христиќ до Илија Гарашанин (Србија и ослободилачки покрети..., док. 182, стр. 212; Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 78).

[98] Исто.

[99] Архив Историјског Института — Београд, фонд: Јована Ристића (А ИИ, ф.: ЈР) XI/8, 1861; Србија и ослободилачки покрети..., док. 184, стр. 213.

[100] S. Th. Lascaris, La première alliance..., p. 10.

Српскиот одговор на грчкиот претставник Рениерис му бил предаден од Јован Ристиќ на 18 ноември 1861 година, два дена по неговото пристигнување во Цариград за српски застапник.[101] Во писмото од претседателот Филип Христиќ, што при тоа му било врачено на Рениерис, било предложено место потпишување на конвенцијата двете влади да разменат ноти[102] во таа смисла. За српскиот одговор и последниот предлог Риниерис ја известил својата влада, од која очекувал писмен одговор.[103]

Владата на Кнежевството Србија со тој свој потег вршела притисок, ставајќи ја грчката влада во позиција поопределено да се изјасни за своите непосредни планови и на што сè била решена за нивно остварување. Имено, во Белград постоело мислење дека грчката страна не ги открила своите вистински намери.[104] Илија Гарашанин, кој имал големо влијание за одлуката на владата, се сомневал дека грчката влада форсирала брза воена акција против Османската држава со цел српското кнежевство да го вовлече „неподготвено да влезе во судирот, излагајќи се на опасност да биде прегазено, или да остане настрана и, во случај на турско распаѓање, да се откаже од правото на учество во поделбата на царството".[105]

За таквите свои планови грчката влада имала и други, понепосредни причини: засилувањето на црковно-националните борби на македонскиот и бугарскиот народ за ослободување од духовното ропство на грчката Цариградска патријаршија и за решавање на црковното прашање по пат на обновувањето на своите национални цркви: Охридската архиепископија и Трновската патријаршија, развитокот на преродбенското движење и борбата против големогрчкото културно влијание, што биле сметани не како самородни народни движења, туку како последица на руската панcловенска пропаганда, во која било вклучено и српското кнежевство. Со вовлекувањето на Србија во војната со Османската држава, во постојните меѓународни прилики и при нерамноправен сооднос на силите, таа се доведувала во положба да доживее тежок пораз и да се загрози опстанокот на Кнежевството, со оглед на неговиот вазален статус, со тоа за подолго време да се елиминира како опасен конкурент што претендирал да ги обедини словенските народи во Османската држава во единствена голема словенска држава по примерот и угледот на српското средновековно царство. Спротивно пак, постоело верување дека Грција при една таква акција и во случај на пораз, со оглед на нејзиниот независен статус, можела со сигурност да смета на интервенција на големите сили, во прв ред на Англија и Франција, во одбрана на грчката држава. И дека тие немало да допуштат една суверена христијанска држава да биде уништена од Османската империја.

Од друга страна, и при успех на грчко-српската воена акција против Османската држава, српските претензии се ограничувале со

---

101 АИИ ф.: ЈР XI/8, Цариград, 6(18) XI 1861; Србија и ослободилачки покрети..., док. 193, стр. 225.

102 Исто.

103 Исто.

104 Г. Јакшиħ — В. Вучковиħ, Спољна политика..., стр. 91—92.

105 Исто, стр. 92.

одредбите од конвенцијата на територијата до Шар Планина. Понатамошните грчко-српски контакти тоа само го потврдуваат.

Во дипломатските надмудрувања грчката страна, раководејќи се од тоа, продолжила со натамошно интензивно дејствување. Владата во Атина одговорила на писмото на Филип Христиќ во почетокот на декември — дека „ги оправдува причините поради кои српската влада го откажала потпишувањето на конвенцијата“,[106] но, истовремено, го задолжила својот претставник да го извести Јован Ристиќ дека грчката пропаганда добила инструкции да дејствува „во границите договорени со Гарашанин“ и дека тоа се очекува и од Кнежевството Србија.[107] За да остави поповолен впечаток, искажала готовност да прифати во подрачјата со мешано население (словенско и грчко), што се однесувало на егејскиот дел од Македонија, да дејствуваат агенти на двете пропаганди.[108] При тоа грчкиот министер Кондуриотис побарал од Рениерис да му обрне внимание на српскиот претставник дека покрај тајната грчко-српска конвенција, што српската влада одбила да ја потпише, постоел уште еден документ — проектираниот договор за сојуз на Кралството Грција, Кнежевството Србија, Кнежевството Црна Гора и Кнежевството Романија, кој, со оглед на тоа дека не содржел одредби за никакви обврски, во Атина се надевале дека српската влада „ќе ја согледа потребата од заедничко дејствување и ќе се ангажира тој акт да биде потпишан во Цетиње и Букурешт“.[109] Атинската влада на потпишувањето на договорот за сојуз на четирите балкански држави гледала како на прв практичен чекор кон непосредна соработка што овозможувал преземање заедничка дипломатска акција за осигурување на начелото на немешање на големите сили во работите на Исток, на што таа му придавала „најголемо значење“.[110]

Српскиот претставник Јован Ристиќ тоа инсистирање на грчката влада го оценил за „опасно и непотребно“,[111] бидејќи во текот на преговорите на четирите влади за негово прифаќање и потпишување не можело да се смета на зачувување целосна тајност.[112] Предупредувал дека обелоденувањето на водењето тајни преговори меѓу четирите држави ќе имало за последица да го навлече непријателството не само на Османската држава туку и на силите што се определени пријателски кон неа, пред самите да бидат подготвени.[113] А тоа било поопасно од потпишувањето на тајната грчко-српска конвенција.[114]

Рениерис останал при ставот на својата влада, изјавувајќи дека предметниот договор не содржел ниту една одредба со закана за Османската држава, а дека претставувал само „декларација во

---

106 АИИ ф.: ЈР XI/8, 1861/Јован Ристиќ до Филип Христиќ/; Србија и ослободилачки покрети . . ., док. 197, стр. 229—230.

107 Г. Јакшић — В. Вучковић, Спољна политика . . ., стр. 92.

108 Г. Јакшић, Први српско-грчки савез . . ., стр. 334.

109 АИИ ф.: ЈР XI/8, 1861/Јован Ристиќ до Филип Христиќ/; Србија и ослободилачки покрети . . ., док. 197, стр. 229—230.

110 Исто.

111 Исто.

112 Исто.

113 Исто.

114 Исто.

случај на нејзино распарчување“.[115] Според тоа, и кога би се дознало не ќе имало „никакви опасни последици“.[116] Српскиот претставник го делел тоа мислење дека меѓу тајната конвенција и договорот за сојуз постоеле битни разлики, но дека немало за Османската држава. Врз силите што го поддржувале нејзиниот опстанок договорот ќе оставел „ист впечаток и ќе предизвикал исти дејства како и конвенцијата, кога, по несреќен случај, би дошла во јавноста“.[117]

Јован Ристиќ го известил претседателот на владата Гарашанин дека грчкиот претставник во Цариград и владата во Атина „со нестрпливост го очекувале одговорот“ од Белград.[118] Владата на Кнежевството Србија во својот одговор останала при ставовите изнесени во преговорите од Јован Ристиќ. Во писмото од Гарашанин од почетокот на јануари 1862 година, во врска со предлаганата дипломатска акција во Париз и вклучувањето во тоа на кнежевствата Црна Гора и Романија, се велело: „Сметаме за крајно опасно започнување на дипломатска акција со истовремен демарш во Цетиње и Букурешт“.[119]

Грчката страна од српскиот одговор ги извлекла следниве заклучоци: 1. Не се откажувало испраќање пратеници во Париз, 2. српската влада не допуштала грчката влада во контактите во Париз да се повикува на Кнежевството, 3. ја отфрлала грчко-српската тајна конвенција и 4. го отфрлала и договорот за сојуз.[120] Палеолог, кој го заменил Рениерис во преговорите, изјавил дека го прифаќа образложението за одбивањето на договорот за сојуз, но дека, по забраната грчката влада да се повикува на Србија, „од заедничката работа не останало ништо“.[121] Тоа ѝ создавало тешкотии на едностраната дипломатска акција во Париз.[122]

Појаснувајќи го ставот на својата влада Јован Ристиќ изјавил дека положбата и статусот на Кнежевството ѝ налагале да не допушта да се обелоденува активноста и нејзиното учество во подготвување заедничка акција против Османската држава.[123] Предлагал грчката влада самата да го сондира мислењето на владата на Франција и ако се постигнел некаков резултат да продолжат преговорите. За тоа време работата по договорените точки: подготовките во земјата и дејноста на агентите на пропагандите во интересните подрачја, „да продолжеле без да се запира“.[124] Палеолог српскиот став го пренел на владата во Атина. Реакцијата на грчката страна многу илустративно е претставена во соопштувањето на српскиот претставник. Јован Ристиќ го известил и во исто време го предупредил претседателот на владата Гарашанин дека ако на грчката влада ѝ

115 Исто.
116 Исто.
117 Исто.
118 Исто.
119 Исто, Илија Гарашанин до Јован Ристиќ, Београд, 28.XII 1861/9.I.1862 (Србија и ослободилачки покрети ... док. 199, стр. 233—234).
120 Исто, док. 203, стр. 241.
121 Исто.
122 Исто.
123 Исто.
124 Исто.

се дал уште еднаш „неповолен одговор или ако практично ништо не се преземело на тој план — ќе била загубена нејзината доверба“.[125]

Во почетокот на февруари 1862 година грчката влада во Париз испратила специјален пратеник, а од владата на Кнежевството Србија побарала да го стори истото за да може српскиот пратеник да се придружи во разговорите, „по првиот поволен прием“.[126] Патувањето на Петронијевиќ во Петроград и готовноста на руската влада на Кнежевството да му одобри заем, во Атина се доведувало во врска со тајните грчко-српски преговори, па се сметало дека за за тоа биле информирани во Петроград.[127]

Кон крајот на февруари 1862 година, по влошувањето на внатрешната ситуација во Грција и воената побуна во пристаништето Нафплион,[128] дошоло до застој, но не и до целосен прекин на српско-грчките преговори. Грчкиот претставник Палеолог дал уверување дека настаните во Грција „немало ни малку да попречат на делото“ и дека било сосема извесно дека „побуната брзо ќе била ликвидирана“.[129]

Во тоа време во Кнежевството Србија се создавала клима за активна офанзивна политика. Поранешниот помошник на министерот за внатрешни работи Атанасије Николиќ,[130] во поднесениот мемоар за српската државна политика,[131] пишувал дека српското кнежевство во постојните граници „немало иднина додека не ги обединело еднородните и *сродни* (подвлекол М.М.) браќа“.[132] Повикувал владата да организира тајна пропагандна дејност во Босна, Херцеговина, Бугарија и Македонија. Според предложениот план, со пропагандната дејност требало да раководи посебен одбор, потчинет непосредно на претседателот на владата Гарашанин.[133] За непосредно раководење со пропагандата на теренот во секој од споменатите земји главниот одбор требало да именува главни повереници. За Македонија; „до Ќустендил, Рила, Доспат, базенот на Места и Струма до Егејско Море“, поради големината на територијата се предлагало да се именуваат двајца повереници. Еден за „северниот планински дел“, во кој влегувале Битола, Прилеп, Велес, Штип, Малешевско до Доспат и Ќустендил, и, вториот, за јужниот отворен дел, „што се граничел со Грците и кој бил од многу помало значење“.[134]

---

125 Исто.

126 Исто, док. 206, стр. 246/Јован Ристиќ до Илија Гарашанин/; АИИ ф.: ЈР 11/275, Цариград, 12.II 1861.

127 Исто. Не е невозможно. Грчките сомневања не се документирано поткрепени.

128 Побуната траела и во март 1862 година.

129 Јован Ристиќ до Илија Гарашанин, Цариград, 24.II 1862 (АИИ ф.: ЈР 11/276, 1862; Србија и ослободилачки покрети..., док. 207, стр. 247).

130 Тогаш во пензија.

131 Во април-мај 1862 година.

132 АИИ — Београд, 11/276, XI/8, Атанасије Николић, Мемоар: Опредељење карактеристика државне политике Србије (Србија и ослободилачки покрети..., док. 213, стр. 260—263).

133 АС ф.: ИГ 1259, 1862; Србија и ослободилачки покрети..., док. 219, стр. 274—275.

134 Исто. Гарашанин формирал „Српски одбор” во состав: Лазар Арсенијевиќ-Баталака, Атанасије Николиќ и Фрањо Зах.

Гарашанин формирал „Српски одбор“,[135] а за организирање на српската пропаганда во Македонија бил испратен Стефан Верковиќ.[136]

Во средината на 1862 година, во врска со заострувањето на односите со Османската држава по јунските настани во Белград,[137] кога постоела опасност судирот да доведе до војна, српско-грчките контакти биле интензивирани. Српската влада преку застапникот во Цариград побарала од грчката влада да одговори дали Кнежевството можело да смета на учество на Грција во војната.[138] Владата во Атина одговорила дека Кралството Грција било „исцрпено и растроено од последните настани (воената побуна од февруари — М.М.) и требало време да се опорави“, затоа не била во положба да се изјасни за учество во војната на Кнежевството со Османската држава.[139]

За појасно да се утврди состојбата во Грција и ставот што грчката влада можела да го заземе во случај на војна, во Атина бил испратен во специјална мисија банкарот Јован Кумануди.[140] Во исто време, во почетокот на јули, во Париз заминал Милоје Лешјанин, со задача поподробно да ја информира француската влада за состојбата во односите со Османската држава и за српските барања да го употреби своето влијание на претстојната конференција на претставниците на силите во Цариград.

Кнез Михаило го задолжил Јована Ристиќ во Цариград да го актуелизира прашањето за положбата на поробените христијански народи во Османската држава. Тоа било наменето, како што нагласувал самиот кнез, за странската јавност,[141] поточно за претставниците на големите сили. Со тоа јавно се навестувале големи српски територијални претензии спрема Османската држава. Во својот одговор Ристиќ сугерирал „јавно да не се изнесуваат широки проекти“. Тоа можело да биде многу опасно: „ќе ги раздразнело турските пријатели (од големите сили — М.М.), кои во тоа ќе виделе мегаломански стремежи“.[142]

Кумануди во Атина ги запознал владата и кралот Отон[143] со состојбата во односите со Османската држава и за решеноста на

---

135 Исто.

136 Верковиќ со тајна мисија патувал и пред тоа. Види: Преписка Илије Гарашанина, књ. I, док. 202, стр. 257—258; Никола Сотироски, Неколку документи на Стефан Верковиќ за Разловечкото востание. Зб. Македонија во Источната криза 1875—1881, Скопје, 1978, стр. 263; Д-р Климе Џамбазовски, Културноопштествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, стр. 25; Одборот на Стара Србија и македонското прашање 1877—1881 г. Зб. Македонија во Источната криза..., стр. 333.

137 Од 17—19 јуни, кога бил бомбардиран градот од османскиот гарнизон во белградската тврдина.

138 АИИ ф.: ЈР 11/406, XI/8/ 21.XII 1862, Цариград; Србија и ослободилачки покрети..., док. 216, стр. 269—270.

139 Исто.

140 Угледен банкар и крупен трговец од Белград, по потекло Грк.

141 Кнез Михаило Обреновиќ до Јован Ристиќ, 21 јули 1862 год. (Преписка између кнеза Михаила Обреновића III и српског заступника у Цариграду Јована Ристића, 1861—1867. Са уводом и једним додатком Јована Ристића. Београд, 1897, док. III, стр. 16).

142 Исто, док. 5, стр. 21, Јован Ристиќ до кнез Михаило, Цариград, 26 јули 1862 година.

143 Кумануди бил примен од грчкиот крал на 18 јули 1862 година.

владата и кнезот да издејствуваат „отстранување на Турците од тврдините или војна“.[144] При тоа посебно напоменал дека не се исклучувало српската војска „да ги премине границите, за ослободување на христијаните“.[145]

Кон крајот на август владата на Колокотронис ја известила српската влада дека Грција не била подготвена да земе активно учество во војната и советувала одложување на почетокот на војната за следната година. Ако тоа се покажело како неможно, не откажувала да помогне, но со оградување дека „помошта не би била значајна“.[146] Во врска со тоа Јован Ристиќ од Цариград јавувал дека Грција „не прифаќала да влезе во војна до пролетта“ (1863 година).[147]

Во очекување на појасна состојба на работите со одлуките на Цариградската конференција, грчката влада настојувала да не се прекинуваат преговорите и да не ги откажува сојузничките односи со српското кнежевство. Грчките владејачки кругови биле уверени дека војната не била неизбежна. Грчката влада се определила да ја охрабрува и потикнува српската влада, не обврзувајќи се со ништо за сопствено активно учество. Се сметало дека развитокот на настаните им погодувал на грчките интереси. Грчкиот воен министер Боцарис отпатувал во Италија и Франција со цел да се обиде тамошните влади да ги придобие за грчките планови и да обезбеди материјална и дипломатска поддршка. Во Париз и Рим Боцарис настапувал со тезата дека претстои отворање на источното прашање и дека се заканувала опасност Словените да остварат доминација на Балканскиот Полуостров со директна поддршка од Русија. На Франција и другите западни сили виталните интереси им налагале да го поддржат Кралството Грција во неговите планови за создавање голема и силна грчка држава, што ќе претставувала брана на словенската експанзија. Поради тоа било од решавачко значење Кралството Грција да земе учество во претстојниот воен судир.[148] Кон крајот на јули на француската влада ѝ предал меморандум со кој, меѓу другото, се барало: 1. Франција, преку своите конзули, да дејствува за обезбедување што потесна грчко-албанска соработка, 2. на Кралството Грција да му ги обезбеди потребните средства за водење на војната, 3. по дипломатски пат да влијае врз другите големи сили да го прифатат принципот на неинтервенирање, а во случај на потреба негова примена во корист на христијаните, 4. да ја заштитува Грција од секаков напад на Османската држава за време на учеството на грчките доброволци во востанието на христијаните, односно до објавувањето на војната.[149]

Француската влада ги одбила грчките барања и сугерирала воздржување од секаква воена акција.

Во септември 1862 година претседателот на српската влада Гарашанин ја известил владата во Атина, по повод нејзиниот пред-

144 Србија и ослободилачки покрети..., док. 217, стр. 271.
145 Г. Јакшиќ, Први српско-грчки савез, стр. 127.
146 Исто.
147 Јован Ристиќ до кнез Михаило, Цариград, 20 август 1862 (Преписка између Кнеза Михаила..., док. 6, стр. 23).
148 Г. Јакшић, Спољна политика..., стр. 125.
149 Исто; АС ф.: ЈР, Memoire, VII, 1862.

лог за одлагање на започнувањето на војната, дека тоа не било можно со оглед на вестите за неповолни решенија на Цариградската конференција.[150] Со тоа се настојувало грчката влада да се стави во позиција да се определи. На испит била ставена грчката солидарност.

Кнежевството Србија не ни сметало по секоја цена да се впушта во војна со Османската држава. За објективните можности и за вистинскиот сооднос на силите биле свесни и повеќето од раководните личности. Застапникот во Цариград предупредувал и на неповолната меѓународна ситуација. Покрај тоа што Кнежевството „не можело само да ѝ се противстави на целокупната турска сила",[151] требало да се очекува Османската држава да биде помогната од силите што ѝ биле пријателски наклонети многу посериозно отколку што тоа „можело да очекува од своите пријатели".[152]

На Цариградската конференција не биле задоволени основните барања на Кнежевството Србија. Сепак, српската влада, по барањето од големите сили, ги прифатила донесените решенија. Кнез Михаило го потврдил прифаќањето на протоколот на Конференцијата.[153]

Иако прашањето на војната повеќе не било актуелно, српската влада му наредила на Јован Кумануди да остане во Атина и понатаму да одржува контакти. Но набргу, на 10 октомври, во Грција бил извршен државен удар. Кралот Отон бил отстранет од престолот. Грчката привремена влада во односите со Кнежевството Србија продолжила со дотогашната политика. Српската влада била известена дека во војната на српското кнежевство со Османската држава грчките сили „во границите на своите можности ќе ја извршиле својата обврска спрема Србија".[154]

Владата во Белград ја согледала дипломатската игра на Грците и оценила дека било беспредметно натамошно продолжување на преговорите.[155] На Кумануди му било соопштено дека завршила неговата мисија во Атина. Во средината на октомври преговорите биле прекинати.[156]

Врз основа на сето изнесено може да се констатира дека во почетокот на 60-те години на XIX век владејачките кругови на Кралството Грција и на Кнежевството Србија projавиле територијални претензии во Македонија. Во нивните максимални програми за остварување на мегаломански големодржавни планови, и едните и другите претендирале на целокупната територија на Македонија: Грците до Шар Планина а Србите до Егејско Море. Претензиите на Македонија ги засновувале врз „историско право", повикувајќи се на средновековните царства, кога Македонија подолго време била вклучена во нивните граници.

---

150 Исто, 129. Ристиќ до Кумануди, Цариград, 11.IX 1862 година.

151 Преписка између кнеза Михаила . . ., док. 7, стр. 29.

152 Исто, Јован Ристиќ до кнез Михаило, Цариград, 3.IX 1862 год.

153 Со писмото од 3 октомври 1862 година.

154 Г. Јакшић, Први српско-грчки савез . . ., стр. 157.

155 По смената на грчкиот престол не се исклучувало целосно свртување во грчката надворешна политика.

156 АС ф.: ИГ /Гарашанин до Кумануди, Београд, 16.X 1862/; Г. Јакшић, Први српско-грчки савез . . ., стр. 177.

Кралството Грција и Кнежевството Србија во тоа време, поради своите многу ограничени економски можности и воднички сили, не можеле да сметаат на самостојно реализирање на експанзионистичките цели. Затоа остварувањето го врзувале за искористување на ослободителните стремежи и борбата на македонскиот народ и на другите поробени народи во Османската држава.

Нивните големодржавни интереси директно се судриле на подрачјето на Македонија.

Во 1861/1862 година владите на Кралството Грција и на Кнежевството Србија воделе преговори за разграничување на интересните подрачја. Во принцип била постигната спогодба и била утврдена линија на разграничувањето.

Поради непремостливите спротивности и недоверба, подготвената тајна грчко-српска конвенција и предвидениот договор за сојуз на четирите балкански држави не биле потпишани.

Договореното разграничување на интересните подрачја во Македонија добило суштествено значење за грчко-српските односи со далекусежни последици за македонскиот народ. Зацртаната линија за разграничување била респектирана како појдовна при идните грчко-српски спогодувања за поделба на Македонија.

*MIHAJLO MINOSKI*

## MACEDONIA IN THE 1861/62 SERBO-GREEK TALKS ON SPHERES OF INTEREST


Summary

At the outset of the 60's of the 19th century the ruling circles in the Kindom of Greece and the Serbian Principality declared their territorial pretensions to Macedonia. Both the one and the other went so far with their great-state, expansionist plans as to lay claims to the entire territory of Macedonia: the Greeks as far as the Shar Mountains, and the Serbs to the Aegean Sea. They based their aspirations on some sort of »historic right«, harking back to the mediaeval empires when Macedonia, at one time or other, came under their rule.

At that period the Kingdom of Greece and the Serbian Principality, with the extremely limited economic potentials and military forces at their disposal, were not in a position to reckon on achieving their expansionist aims independently. They, therefore, linked the achievement of their aims to an exploitation of the aspiration towards freedom

and the struggle of the Macedonian and the other peoples against the Ottoman State.

In 1861/62 the governements of the Kingdom of Greece and of the Serbian Principality held secret talks on a division of spheres of interest as far as their propaganda activity was concerned. An agreement in principle was reached and a provisional border-line was agreed upon. The contradictions which their great-state, expansionist interests involved and, allied to these, their mutual distrust were not, however, overcome. The secret Greek-Serbian convention which was in preparation and the projected treaty on the formation of a Balkan alliance were never, therefore, signed.